Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за уважување на приговор

1. Приговорот на ТРИТЕКС ТРЕЈД ДОО Прилеп УП2 09-270/23 од 6 октомври 2023 година против Известување за одбивање на Барање за надомест на штета на потрошувач бр. 03-1961/1 од 29 септември 2023 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје СЕ УВАЖУВА.

2. Известување за одбивање на Барање за надомест на штета на потрошувач бр. 03-1961/1 од 29 септември 2023 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да донесе акт согласно Правилата за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 140/23 и 169/23)

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

ТРИТЕКС ТРЕЈД ДОО Прилеп до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-270/23 од 6 октомври 2023 година против Известување за одбивање на Барање за надомест на штета на потрошувач бр. 03-1961/1 од 29 септември 2023 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Според Електродистрибуција – дефектот е на среднонапонскиот кабел во приватна сопственост

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 3 ноември 2023 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-270/23 од 6 октомври 2023 година со прилог:

- Записник за направена штета пораид прекин-промена на напон, од 18 септември 2023 година
- Известување за одбивање на барање за надомест на штета бр. 03-1961/1 од 29 септември 2023 година

- Барање за надомест на штета од 18 септември 2023 година
- Тековна состојба на Друштвото

2. Одговор на Приговор од ЕВН од 27 октомври 2023 година со прилог:

- Детали за прекин во испорака на електрична енергија за 13 септември 2023 година
- Записник за увид на комисија по барање за оштета по основ на одговорност од 20 септември 2023 година

и на седницата беше заклучено Приговорот да се разгледува на наредната седница со физичко присуство на двете страни, при што на седница одржана на 10 ноември 2023 година жалителот потенцираше дека имало три прекини во три одделни денови (13.09, 14.09 и 16.09.2023 година) во времетраење од 4-5 минути, кои биле ненајавени и поради кои претрпеле штета на нивната опрема. Не само тие, туку и нивните соседи кои се деловни објекти/фабрики имале прекини во истите термини и претрпеле штети.

Претставниците на Електродистрибуција укажаа дека прекините не биле резултат на планирано исклучување/планирани прекини туку биле резултат на дефект на 10kV подземен кабел на кој се поврзани повеќе трафостаници и додека не откриле каде е точната локација и причината за истиот, морале да вршат сукцесивни исклучувања и испитувања на изводот, а по лоцирање на дефектот истиот бил отстранат.

На седницата се заклучи Приговорот повторно да се разгледува на наредната интерна седница на КЗП, при што на седница одржана на 7 декември Приговорот повторно се разгледуваше и на таа седница се заклучи Електродистрибуција подетално да ја образложи причината за настанатиот дефект,

На 11 декември 2023 година Електродистрибуција достави одговор во кој наведе дека дефектот е настанат на приватен среднонапонски кабел помеѓу две приватни трафостаници кои се приклучени на мрежа на ЕВН. Причината поради која што настанал дефектот не може да ја потврдат, односно може да бидат повеќе причини – од вршење ископ од страна на сопствениците во кругот и кинење на кабелот, слаба точка во среднонапонската траса на кабелот, преоптеретување на кабелот, зголемена влажност околу кабелот, оштететена изолација итн. Санацијата на дефектниот кабел е извршена од страна на сопствениците на кабелот и трафостаниците.

На 26 декември 2023 година и 23 јануари 2024 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Членот 13 од Правилата за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија („Службен весник на РСМ“ бр. 140/23, и 169/23) (во понатамошниот текст: Правила) гласи:

(1) Операторот нема обврска за плаќање на надоместокот за штета ако се утврди дека постојат основи за ослободување на операторот од одговорност на штета, односно ако штетата настанала поради:

1) прекин предизвикан од повратно влијание на уредите на потрошувачот врз соодветниот систем, или
2) дејствија на трети лица кои не се ангажирани од операторот, или
3) виша сила, односно настани и состојби утврдени во членот 7 став (1) од овие Правила, или настани и состојби утврдени во Договорот за приклучување и користење на мрежата, односно општите правила за користење на мрежата уредени во соодветните мрежни правила, а кои претставуваат основа за ослободување на операторот од одговорноста за штета, или

4) планиран прекин, а за тоа снабдувачот, односно потрошувачот:

- биле известени од страна на операторот на соодветниот систем на начин утврден со соодветните мрежни правила,
- биле известени за промената на терминот во кој ќе има прекин на начин утврден со соодветните мрежни правила, или
- терминот за планираниот прекин бил претходно усогласен со усогласен со потрошувачите на кои, согласно правилата за снабдување со електрична енергија и соодветните мрежни правила, не смее да им се прекине електричната енергија, или потрошувачите на кои електричната енергија им е неопходна за непречено одвивање на нивниот производствен процес.

(2) Операторот нема обврска за плаќање на надоместокот за штета ако:

- потрошувачот има повеќе од три неплатени фактури за користење на мрежата на која што е приклучен, освен ако не е вклучен во категоријата на ранливи потрошувачи,
- Регулаторната комисија за енергетика го одобрила приклучувањето иако операторот го одбил, а корисникот дал изјава дека нема да се жали на квалитет на електричната енергија, или
- Регулаторната комисија за енергетика наложила приклучување на приватни мрежи што не се во сопственост на операторот.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди дека приговараното Известување не е донесено согласно некој од основите наведени во Правилата за надомест на штета, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе Управен спор во рок од 30 дена.

**УП2 бр.09–270/23**
**8 февруари 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**